КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 02 - 6611
07.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 12 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, Извршниот одбор, постапувајќи по доставениот материјал, по електронски пат на ден 0_.03.2023 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

1. СЕ УСВОЈУВА спортската опрема која е доделена на Карате федерацијата на Република Северна Македонија од страна на Агенцијата за млади и спорт, а која се состои во 20 комплети (ранец, шушкавец, комплет горна и долна тренерка, 2 дреса црвен и жолт и шорц црн со следните големини XS-1 комплет, S-4 комплети, M-6 комплети, L-6 комплети, XL-2 комплети и XXL-1 комплет), да се доделат на репрезентативците и селекторите, кои ќе настапат на Европското првенство за сениори во борби и кати, кое ќе се одржи во Гвадалахара, Шпанија, од 22.03-26.03.2023 година.

2. Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување.

3. Одлуката да се достави до клубовите во кои се членови репрезентативците кои ќе настапата на Европското првенство и да се објави на ВЕБ страната на Федерацијата.

4. Одлуката да ја спроведе сручното лице во канцеларијата на КФРСМ во соработка со селекторите и Шефот на делегацијата за ова првенство.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Извршниот одбор, врз основа на член 37 став 1 алинеја 12 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, со цел репрезентативците кои ќе настапат на Европското првенсво за сениори во борби и кати, во Гвадалахара, Шпанија, од 22.03-26.03.2023 година, да бидат еднообразно облечени во спортска опрема, донесе одлука како во диспозитивот на Одлуката.

Карате федерација на РС Македонија,
Претседател,
Петар Белистојаноски

Scanned by Scanner Go